# Инфраструктура

## Гасификација

***Проблем:***

Енергетскиот сектор е значаен за економскиот развој на општината. Гасификацијата е значајна алка во ваквиот развој; Ваквиот капитален проект од областа на енергетиката е неминовност за општина Гевгелија, која со својата местоположба е се поинтересна за инвеститорите.

Гасификацијата како еден од предусловите за влез на инвестиции и инвеститори не е приоритет на локалната власт во Гевгелија.

***Решение:***

По добивањето на мандатот на Градоначалникот од Коалицијата Сојуз за иднината и на Советот на општината, ќе се подготви проектна документација за можностите за изработка на гасовод и гасификациона мрежа.

Треба да се искористат сите можности за да се поврзи општината со регионалните и меѓународни гасоводни мрежи, се со цел да добиеме епитет општина интересна за инвестирање.

Со гасификациската мрежа ќе се изработи проектна документација за гасификација на индустриската зона, јавните институции, оранжерии и пластеници за производство на раноградинарските производи.

***Проблем:***

Р. Македонија (посебно регионот на долното Повардарје, каде што се наоѓа општина Гевгелија) се наоѓа на територија која во поглед на средниот годишен интензитет на сончево зрачење претставува едно од побогатите подрачја во Европа. Овој податок самиот по себе наметнува размислување во правец на можното искористување на сончевото зрачење, неговата ефективност и, секако, економичност. Сончевата енергија претставува најидеална форма за експлоатација на енергија набљудувано од еколошка гледна точка,

бидејќи воопшто не ја загадува животната средина, ниту пак влијае врз климатските промени, што не е случај со класичните извори на енергија.

Иако владата на РМ најави проект за субвенционирање на домаќинствата кои ќе инсталираат сончеви колектори, промовираниот проект не ги даде очекуваните резултати. Во Гевгелија сеуште најголем дел од домаќинствата користат електрична енергија за добивање на санитарна топла вода. За споредба во населените места на самата граница во Грција го искористуваат овој потенцијал и скоро да не постои објект кој нема инсталирано сончев колектор.

***Решение:***

Веднаш по започнувањето на мандатот на Градоначалникот од Коалицијата Сојуз за иднината ќе спроведе низа мерки кои ќе ја променат моменталната состојба со искористување на енергијата од сонцето со сончеви колектори за добивање на санитарна топла вода.

Субвенционирање на инвеститорите  на станбени објекти , преку надоместокот за уредување на градежното земјиште, кои во градбата ќе предвидат и инсталираат соларни колекторски системи за загревање на санитарна вода.

Субвенционирање на инвеститорите на индустриски објекти , преку надоместокот за уредување на градежното земјиште, кои топлата вода која ја користат во процесот на производство ќе ја добиваат од сончеви колектори.

Обезбедување на поволно кредитирање при , што општина Гевгелија ќе биде гарант, за домаќинствата кои ќе инсталираат сончеви колектори за загревање на санитарна вода

Дополнителни ефекти од овој проект се: намалување на сметките за електрична енергија на домаќинствата со инсталирани соларни колектори, ослободување на енергетскиот потенцијал на трафостаницата во Гевгелија, намалување на емисијата на $CO_2$ и заштита на животната средина.

## Водовод и канализација

***Проблем:***

Гевгелија со вода за пиење се снабдува од бунарското подрачје кај с.Моин. Квалитетот на водата се следи постојано според физичките својства,

бактериолошката исправност и присуство на хемиски микроелементи. Меѓутоа, хемиските анализи за присуство на микроелементи покажуваат интенција на зголемување на прнисуството на одредени метали посебно по прифаќањето на европските стандарди за максимум дозволените количини.

Врз база на последните анализи од Агенцијата за храна и ветеринарство, за општина Гевгелија има издадено забрана за користење на водата за пиење заради зголемена концентрација на арсен (As) над максимум дозволените граници.

Сегашниот градоначалник и по четири години не успеа да го реши проблемот кој се повеќе се акумулира.

***Решение:***

Во текот на 2013 година заради заштита на здравјето на населението, се наметнува итната потреба за изградба на постројка за подобрување на квалитетот на водата за пиење.

Наше решение ќе биде и изнаоѓање на алтернативни извори за водоснабдување од кои ќе се експлоатира квалитетна вода за пиење за подолг временски период. Според тоа, најдобро решение е да се реализира зафат на природните води од сливното подрачје од с.Серменин.

***Проблем:***

Квалитетот на водата за пиење која се дистрибуира до населението на општина Гевгелија е загрижувачки заради користење на дотраените азбестно цементни цевки.

Проблемот е од витално значење за општината и тоа од два аспекти: здравствен и економски.

Населението се уште консумира вода за пиење со лош квалитет, која освен за пиење се користи и за преработувачките капацитети и тоа најмногу конзервните фабрики, винариите и фабриките за кондиторски производи. Чистата вода влијае на крајниот резултат за здравствената исправност на производите.

Економската оправданост за овој проблем е да се анулира можноста за тесни грла и редукција на вода во одделни делови од градот, со намалување на загубите на вода.

Квалитетното водоснабдување и проекти за здрава вода за пиење и покрај ветувањата од локалната власт се одамна заборавени.

***Решение:***

Веднаш по започнувањето на мандатот на Градоначалникот и Советот на општина од на Гевгелија од Коалицијата Сојуз за иднината, во првите сто дена ќе започне со подготовки за изработка на целосна проектна документација и отпочнување со проектот замена на азбестно цементни цевки со полиетиленски односно водоводни цевки кои не се штетни по здравјето на луѓето а истовремено имаат и поголем капацитет.

Тоа ќе се врати  последователно во приоритети, како во градот така и во сите населени места во општината.

# Сообраќај

***Проблем:***

Локалната власт и после четири години ја остави Гевгелија да сообраќајот на патничките и товарните возила се движи во централното градско подрачје, а во исто време граѓаните да бидат изложени на зголемениот сообраќаен метеж, загадениот воздух и намалена сигурност.

***Решение:***

Заради пренасочување на товарниот и останатиот сообраќај, неопходно е за Гевгелија да се реализира веќе започнатиот проект Јужен Булевар .

Јужниот Булевар претставува заобиколен пат од јужната страна на градот Гевгелија, чија траса се движи од левата страна на Сува река и се надоврзува на западниот заобиколен пат од југозападната страна на градот.

Со изградба на овој проект ќе се добие брза сообраќајница за заобиколување на градот, заштитен појас кон Сува река и проширување и отворање  на нови урбани површини.

# Инвестиции

# и економски развој

## Капитални

***Проблем:***

Локалната власт за овие четири години на општина Гевгелија не понуди решение за искористување на солидниот хидропотенцијал на реките кои се сливаат од планината Кожуф.

Заради лошото дефинирање на приоритети кои во суштина не ги подобруваат условите на животот на граѓаните, општина Гевгелија се соочува со недоволни количини на чиста вода за пиење, недостаток од вода за наводнување на земјоделските површини и влошување на животната средина како резултат на климатските промени.

***Решение:***

Локалната власт ќе иницира, проект на локално и државно ниво изградба на ХМС ,,КОНСКА БРАНА,,.

Со изградбата на оваа брана со капацитет од 20.000.000 м2 вода и мрежа на системите за наводнување и водоснабдување ќе се обезбедат дополнителни резерви на вода во општина Гевгелија, Богданци, Валандово и Н.Дојран.

Во услови кога Р.Македонија се соочува со недостаток на електрична енергија овој проект нуди можност за производство на 1.1 милион киловат часови струја.

Со поврзување на системот со постојниот цевковод Ѓавото – Дојран, ќе се обезбедат доволно количини на вода за спас на Дојранското езеро. Очекуваните резултати од ова ќе бидат:

Добивање на ефтина електрична енергија;

Зголемување на можноста за развивање на селскиот туризам;

Намалување на опасноста од поплави;

Заштита на животната средина;

Отварање на нови работни места и развој на риболовниот туризам;

Обезбедување на вода за пиење и наводнување.

***Проблем:***

Граѓаните на Гевгелија и општината немаат можност да се одмараат и рекреираат во слободно време. Заради зачувување а истовремено и за збогатување на природниот амбиент, на општина Гевгелија и е потребна локација за Градски парк. Локалната власт не размислува за ваков проект, заради преокупираноста соодветните локации за ваква намена полесно да ги употреби за изградба на станбени згради, заслепена од заедничкиот интерес во спрега со урбаната гевгелиска мафија.

***Решение:***

По добивањето на мандатот на Градоначалник од Коалицијата Сојуз за иднината, веднаш ќе се пристапи кон изградба на Спортско–рекреативен центар и парк на локалитетот поранешната  Касарна.

Со тоа ќе се обезбеди отворен простор за рекреација; трим патека, отворени базени, тениски, одбојарски, ракометни и детски игралишта, киосци за храна, отворени тераси за одмор – веранди за граѓаните.

Во склоп на истиот да се преуреди околниот простор со парковско зеленило, садници со дрва, и дополнителна урбана опрема каде ќе го користат сите граѓани на општината во слободното време.

***Проблем:***

Библиотечната дејност во општина Гевгелија има долга традиција. Просторот во кој моментално е сместена јавната општинска установа матична библиотека ;Гоце Делчев,, не ги исполнува библотекарските норми и стандарди а истовремено има недостиг од доволно простор за магационирање на книгите, за посебна читална, за специјализирани оддели, за одржување на културни настани во организација на библиотеката.

*Решение:*

Изградба на нов Мултифункционален граѓански центар според сите стандарди на локација и во објектот ,,Нов Пионерски дом,, со збогатување на книжниот фонд:

-автоматизација на библиотечните процеси со широка употреба на информатичката технологија;

-создавање на локална база на податоци за различни видови корисници;

-интернет пристап за корисниците;

-посебен детски оддел;

-читална за корисници на посебна литература (енциклопедии, прирачници, референтни изданија).

Во исто време објектот библиотека ,,Гоце Делчев,, кој се наоѓа во центарот на градот да се адаптира во објект ,,Гевгелиска градска куќа,, каде ќе се организираат приеми, венчавки, промоции, изложби со што ќе се подобри културното живеење во градот и општината.

## Економски развој

*Проблем:*

Општина Гевгелија е земјоделски регион со големи потенцијали и можност за развој на оваа гранка. Но во услови на незаинтересираност на локалната власт и, земјоделците од ден на ден се потешко се справуваат со проблемите околу откупот и пласманот на земјоделските производи.

Се почесто сме сведоци на неубави глетки и потресни приказни на земјоделци кои бараат помош за пласман на производите кои неретко скапуваат на нивите. Тоа е пред се резултат на немањето издржана стратегија за развој на земјоделството.

*Решение:*

Веднаш по добивањето на мандатот на градоначалникот од Коалицијата Сојуз за иднината ќе се направи сеопфатна анализа и стратегија по која ќе се раководат земјоделците, што да произведуваат, колку да произведуваат, како да го подготват производството за на пазар, и на крајот каде да го продадат.

*Проекти:*

-Едукација на земјоделците и следење на нови трендови во земјоделското производство;

-Отворање на сектор за стратегиско планирање во рамките на општина Гевгелија, со посебни и конкретни задачи за изработка на стратегија за земјоделието на подрачјето на општината.

Со тоа ќе се овозможи избегнување на хиперпродукцијата во земјоделското производство и негово планско насочување, се во интерес на подобрување на економската конкурентност и на квалитет на живот на земјоделците.

***Проблем:***

Во Општина Гевгелија сите стопански субјекти , без разлика на големината и обемот на работа се задолжени да плаќаат ист износ за истакнување на фирма. За многу мали и микро претпријатија оваа такса претставува сериозно оптоварување.

***Решение:***

Новиот Градоначалник  од Коалицијата Сојуз за иднинатана Гевгелија со советот ќе направат степенување на стопанските субјекти по строго одредени правила и критериуми и ќе воведат пропорционална такса според големината и обемот на работа.

# Подобри услуги за граѓаните

***Проблем:***

Децата од предучилишната возраст се згрижени во градинки кои функционираат во периодот од 7 до 15 часот. Секојдневен проблем е на поголем број родители кои најчесто работат во две смени. Освен тоа, во некои населени места воопшто не постојат установи за згрижување на децата од предучилишна возраст.

Во последно време во градинките се вработуваат кадар со несоодветно образование. Загриженоста на родителите е повеќе од оправдана.

***Решение:***

Веднаш по добивањето на мандатот на Градоначалникот Советот на општина Гевгелија од Коалицијата Сојуз за иднината, овој проблем ќе се реши со двосменско работење во градинките и со доквалификација на кадрите.

***Проблем:***

Во последниве 4 години Градоначалникот на Општина Гевгелија предлага буџети кои не ја отсликуваат реалноста во Гевгелија. Ваквите буџети предизвикуваат погрешно дефинирање на приоритетите а со тоа и непотребно трошење на необновливи ресурси (пр. парите добиени од продажбата на градежното земјиште се трошат на хортикултурно уредување, притоа заборавајќи дека во Гевгелија постојат улици без канализација и сл.)

Најлошо поминуваат населените места каде што се уште не се обезбедени минималните услови за урбано живеење. (немање канализација , нередовно снабдување со вода и сл.)

***Решение:***

Новиот Градоначалник од редовите на Коалицијата Сојуз за инината по превземање на функцијата веднаш ќе предложи ребаланс на буџетот во кој ќе направи редефинирање на приоритетите и ќе предложи дефинирање на точно определени

делови од основниот буџет на општината кои ќе се трошат по населените места , по строго одредени критериуми ( број на жители , развој на населеното место, поврзаност со градот и сл.).

Ваквиот потег ќе обезбеди порамномерен развој на целата територија на Општината а населените места континуирано ќе добиваат средства од Буџетот на општината.